Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 12.11.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2016 година**

**Развојни приоритети и цели**

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност националните ИКТ стратегии и локалната стратегија за развој и претставува продолжување на политиката на општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните и бизнисите.

Целта на програмата е да се подобри ефикасноста и транспарентноста во работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот на услугите, а вооедно да се намалат трошоците во работењето со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

Активностите на Општината во делот на ИКТ за 2016 ќе бидат насочени во повеќе области и тоа:

- Континуирано одржување на функционалноста на информатичко – комуникацискиот систем на општината
- Имплементација на нови ИТ решенија и нивна интеграција со постојниот систем
- Модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење
- Континуирана обука на вработените

**Проектни активности**

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалната стратегија за развој.

- **Електронско одвивање на седниците на Советот на Општина Крива Паланка**

Сегашниот модел на припремата на материјал и одржувањето на седниците на Советот на Општина Крива Паланка е застарен и има потреба од надоградба со користење на современи ИКТ решенија. Електронското одвивање на седниците на Советот ќе овозможи подготовка и водење на седниците, пристап до сите тековни и архивирани материјали (одлуки, решенија, записници, службени гласници) и целокупната законска рамка која постои на располагање во електронски облик.

- **Имплементација на Географски информативен систем (ГИС)**

Географскиот информациски систем (ГИС-систем) е една од главните алатки за работа на секторот за урбанизам во општината. ГИС-системот претставува систем којштo се користи за внесување, интегрирање, зачувување, анализа, управување и споделување податоци поврзани со локации во просторот. Од аспект на локалната самоуправа, ГИС системот е матица на сите информации што треба да се поседуваат во еден современ град или општина за да бидат ефикасно управувани. Дополнителна корист од воспоставувањето на ГИС системот е неговото несомнено влијание врз зголемување на електронската размена на податоци меѓу вработените во општинската администрација.

- **Слободни интернет зони**

Воспоставување на „wi-fi“ зони со слободен пристап до безжичен интернет на неколку фрекфрентни локации во Општината. Со реализацијата на овој проект граѓаните ќе имаат квалитетен пристап до повеќе информации, како и комуникација со локалната власт, при што по електронски пат ќе можат да се информираат за тековните активности на Општината, но и можност преку страницата „Е Општина-пријави проблем“ да ги пријават проблемите со кои се соочуваат во секојдневното живеење.

- **Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Во текот на изминатиот период, општината направи голем исчекор во процесот на воведување на ИКТ во работењето на општинската администрација, односно сите вработени кои имаат потреба од користење на ИКТ се обезбедени со компјутерска опрема и софтвер и се вклучени во информацискиот систем на Општината. Во наредниот период се планира набавка на нов хардвер согласно потребите на општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен.

Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината.

- **е-даноци**

Како новина планирано е воведување на веб апликација за online извештаи. Апликацијата е наменета за даночните обврзници. Преку овој веб портал даночните обврзници ќе можат да ја проверат својата состојба во општината и тоа: финансиска картица, пријавени имоти, изготвени решенија, следење на предметот за данок на промет, наследство и подарок и пријавени деловни единици за правните лица.

- **Обуки на вработените**

Имплементацијата на нови софтверски и хардверски решенија мора да биде следена со соодветни обуки на вработените за да се постигнат очекуваните резултати.

| **Р.бр.** | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Електронско одвивање на седниците на Совет | 10.000.000 |
| 2. | Имплементација на Географски информативен систем (ГИС) | 2.000.000 |
| 3. | Слободни интернет зони | 30.000 |
| 4. | Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура (набавка на хардвер, софтвер и лиценци) | 800.000 |
| 5. | е-даноци | 30.000 |
| 6. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (mt.net/ marnet / edusoft / euronetcom/mbs …) | 250.000 |
| 7. | Тековно одржување на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура | 500.000 |
| 8. | Обуки | 200.000 |
| | **ВКУПНО:** | **13.810.000** |

**Бр.09-2975/35**
**12.11.2015 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М.р.Борче Стојчевски**